# Правила
# Schweppes Mixology Session 2024

Натпреварот SCHWEPPES Mixology Session претставува избор на бармени што се пасионирани вљубеници во барменството.

**Општи правила:**

Натпреварот е отворен за сите активни бармени од територијата на Република Србија. Истиот натпревар се спроведува и на територијата на Република Северна Македонија и Република Црна Гора. Избраните кандидати од сите републики ќе се натпреваруваат на финалниот настан во Белград, на територијата на Република Србија.

Сите натпреварувачи мора да бидат полнолетни.

Коктелот што е тема на натпреварот како задолжителна состојка мора да содржи еден од вкусовите на SCHWEPPES (Bitter Lemon, Tonic Water, Tangerine и Pink Mixer Style) од понудата на Coca-Cola HBC – Србија д.о.о.

Темата на коктелите на натпреварот е LONG DRINK.

Пријавувањето започнува на 11 март и завршува на 03 април 2024 година.

Рокот за испраќање на рецептурите е до 03 април 2024 година.

Натпреварот се одвива во три фази:

1. Прва фаза - Пријавување
2. Втора фаза - Квалификации
3. Трета фаза - Финале

Во процесот на квалификации, потребно е да се исправи пријава. Секој натпреварувач ќе биде поканет на локален/квалификациски натпреварот.

**Само целосно пополнетите пријави што ќе пристигнат во овој рок ќе бидат земени предвид.**

**Право на објавување:**

Со учество на натпреварот, давате целосна согласност дека Организаторот и Спонзорот ги имаат сите права на јавна употреба на вашите фотографии, видео записи, фотографии и видео записи од вашиот коктел, називот и рецептурата за вашиот коктел за јавно претставување и промотивни цели.

Правото на употреба не е ограничено и, меѓу другото, вклучува употреба за: медиуми (печатени и електронски), онлајн медиуми, платформи и социјални мрежи, дигитални и промотивни активации.

**Процес на селекција:**

**Фаза 1 – Пријави:**

Сите целосни пријави, испратени преку образецот за пријавување на сајтот: (линк до микросајтот) или отпечатени, целосно пополнети и потоа потпишани и испратени на наведената адреса за е-пошта (schweppesmixology@gmail.com) во утврдениот временски рок ќе бидат разгледани од страна на стручно жири, и сите натпреварувачи што ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на квалификацискиот настан.

**Фаза 2 – Квалификации:**

Квалификациите се одржуваат регионално и секој натпреварувач може слободно да се пријави на која било од локациите (Белград, Нови Сад, Крагуевац и Златибор) што се наведени во овие Правила.

На финалниот натпревар што ќе се одржи во Белград ќе учествуваат кандидатите што ги поминале квалификациите на наведените локации на територијата на Република Србија и кандидатите што ги поминале квалификациите во другите републики што се наведени во овие Правила, и тоа во Република Северна Македонија и Република Црна Гора.

Натпреварувачите добиваат оценки во три категории:

- **Техника на подготовка** - 30% од оценката од страна на техничкиот судија.
- **Изглед, мирис и вкус на коктелот** – 50% од оценката од страна на специјално жири, што нема увид во идентитетот на натпреварувачот чијшто коктел се оценува.
- **Настап, презентација и комуникација** – 20% од страна на жирито.

**Фаза 3 – Финале:**

Избраните финалисти ќе се натпреваруваат на финалниот настан во втората половина на мај 2024 година во Белград. Трошоците за патување на финалниот настан ги покрива

Организаторот. Натпреварувачите ќе бидат дополнително известени за локацијата и точниот датум на одржување на финалето преку е-пошта. Стручното жири што се состои од искусни професионалци од угледни барови, реномирани коктел мајстори, сомелиери и експерти од оваа област, ќе донесе одлука за победникот врз основа на сумирање на оценките во следниве категории:

- Техника на подготвување – 40% од вкупната оценка.
- Мирис, вкус и изглед на коктелот - 60% од вкупната оценка.
- Настап, харизматичност, контакт со публиката и општа презентација – Се оценува засебно од страна на публиката на финалниот настан и не влегува во збирот за најдобриот коктел и бармен.

**<u>Стручно жири</u>**

Стручното жири во текот на квалификациите е составено од:

1. Бармен
2. Сомелиер
3. Локален бармен/сопственик на бар или претставник на здружението на бармени

Во финалето ќе бидат присутни две видови жирија:

1. Техничко жири (две лица), секое оценува еден натпреварувач:
   - Бармени – се оценува техниката на работење и ракување со алатките.
2. Скриено жири:
   - Сомелиер
   - Готвач/Шеф
   - Хотелски директор за угостителство или бармен

**<u>Награди</u>**

Во зависност од освоеното место, натпреварувачите ги добиваат следниве награди:

1. Прво место – Победникот на балканското финале го очекува седумдневно патување во Лондон и можност да ги унапреди своите вештини преку едукација со европските Schweppes амбасадори, како и да стекне работно искуство во најпопуларните лондонски коктел барови.
2. Најдобро пласираните натпреварувачи од поединечните региони добиваат патување во Атина на прочуеното Athens bar show.

**Упатства и барања:**

Рецептурите мора да бидат оригинални. Оригиналната рецептура е производ на нечиите мисли и не е копија или имитација.

Во самиот рецепт, SCHWEPPES, што претставува основа на вашиот коктел, мора да биде наведен како првата состојка.

Рецептурите мора да бидат изразени во центилитри (cl). Дозволено е и изразување во капки.

Рецептурата не смее да содржи повеќе од 6 состојки, вклучувајќи го гарнирот доколку може да се јаде. (Ова ги вклучува и капките, спрејовите како обвивка или цитрусна кора).

Пријавувањето е ограничено на една пријава по лице/адреса за е-пошта.

Организаторот на натпреварот се обврзува да ги обработува сите лични податоци на натпреварувачите законски, чесно и транспарентно во однос на нив, како и дека обработката на податоците ќе се врши исклучиво за потребите на спроведувањето на натпреварот во согласност со овие Правила.

**Дополнителни барања за сите пријави:**

Пријавите не смеат да алудираат на прекумерно конзумирање или неодговорно конзумирање алкохолни пијалаци.
Пријавите што не ги содржат сите барани информации и што не се во согласност со сите барања ќе се сметаат за неважечки и нема да бидат земени предвид во работата на жири комисијата.
Пријавите што Спонзорот, според сопственото убедување, ќе ги означи како незаконити, навредливи или понижувачки за имиџот на Спонзорот ќе бидат дисквалификувани.

**Правила на натпреварот:**

1. На натпреварот подготвувате 3 исти коктели.
2. Задолжително е да ги подготвувате коктелите според рецептурата што сте ја испратиле со пријавата за натпреварот. Рецептурата не смее да се изменува и во секој поглед мора да биде идентична на рецептурата од пријавата.
3. Максималното време за подготовка и презентација на коктелот е 10 минути (квалификации) и 6 минути (финале).
4. Сите натпреварувачи се озвучени и може вербално да ги надополнуваат својот настап и презентацијата на коктелот, што придонесува за позитивно оценување во категоријата за јавен настап.
5. Секој натпреварувач може да очекува прашања од жирито.
6. Секој натпреварувачи има 15 минути за подготовки пред својот настап, во позадината на барот.
7. Подготовка на декорациите пред натпреварот не е дозволена, освен 15 минути пред самиот натпревар.

**Организаторот го обезбедува следново:**

1. Schweppes – сите вкусови од понудата на Coca-Cola HBC-Србија д.о.о.
2. **Жестоки алкохолни пијалаци** од понудата на Coca-Cola HBC-Србија д.о.о. – точниот список е наведен подолу во текстот.
3. Сет барска опрема: шејкер x 3, чаша за миксање x 3, барска лажица x 2, нож x 1, толчник x 1, цедалка x 2, лажица за мраз x 1, кибла за мраз x 2.
4. Барменска престилка.
5. Целосен мраз (ice cubes) и дробен мраз (crushed ice).

**Жестоки алкохолни пијалаци:**

1. Zlatni Pelin
2. Zlatna Viljamovka
3. Zlatna Šljiva
4. Zlatna Kajsija
5. Zlatna Dunja
6. Woodford Reserve Rye
7. Woodford Reserve Doubled Oaked
8. Woodford Reserve
9. Vidarica
10. The Naked Grouse
11. The Famous Grouse
12. The Botanist Gin
13. Tequila Herradura Reposado
14. Tequila Herradura Blanco
15. Tequila Herradura Anejo
16. Tequila El Jimador Reposado
17. Tequila El Jimador Blanco
18. St. Germain
19. Single Barrel
20. Remy Martin VSOP
21. Pyrat XO
22. Pepe Lopez Silver
23. Pepe Lopez Gold
24. Patron Silver
25. Patron Reposado
26. Patron Anejo
27. Naked Malt
28. Metaxa 7*
29. Metaxa 5*
30. Metaxa 12*
31. Meduška
32. Martini Vermouth

33. Martini SPW - 75 CL
34. Martini Rosso
35. Martini Riserva Speciale Bitter Premium
36. Martini Fiero
37. Martini Extra-Dry
38. Martini Bitter
39. Martini Bianco
40. Martini Ambrato & Rubino
41. Jack Daniel's Triple Mash
42. Jack Daniel's Sinatra
43. Jack Daniel's Old No 7
44. Jack Daniel's Honey
45. Jack Daniel's Apple
46. Jack Daniel's 1983 Bonded
47. Jack Daniel's 150 Gold
48. Highland Park 10
49. Highland Park
50. Grey Goose
51. Gin Mare Capri
52. Gin Mare
53. Gentleman Jack
54. Finlandia Vodka Wildberry & Rose
55. Finlandia Vodka Redberry
56. Finlandia Vodka Platinum
57. Finlandia Vodka Mango
58. Finlandia Vodka Grapefruit
59. Finlandia Vodka Cucumber & Mint
60. Finlandia Vodka Cranberry
61. Finlandia Vodka Black Currant
62. Finlandia Vodka
63. Finlandia Redberry
64. Finlandia Lime
65. Eristoff
66. Cointreau
67. Chambord Blackberry Liquor Imperialë
68. Camino Real Tequila Gold
69. Camino Real Tequila Blanca
70. Brugal Especial Extra Dry
71. Brugal Blanco Supremo
72. Brugal Anejo
73. Brugal 1888
74. Bombay Sunset
75. Bombay Sapphire Premiere Cru
76. Bombay Sapphire Gin
77. Bombay Sapphire
78. Bombay Premier Cru
79. Bacardi Spiced

80. Bacardi Gran Reserva Diez
81. Bacardi carta range
82. Bacardi Carta Oro
83. Bacardi Carta Negra
84. Bacardi Carta Blanca
85. Bacardi Caribbean Spiced
86. Bacardi Anejo Cuatro
87. Bacardi 8 Year Old
88. Baba Višnja
89. Baba Riba
90. Baba Mila

**Производи од кафе:**

1. Costa Coffee
2. Vergnano Coffee

**SCHWEPPES вкусови:**

1. Schweppes Tonic Water
2. Schweppes Bitter Lemon
3. Schweppes Tangerine
4. Schweppes Pink Mixer

*Покрај пијалаците од портфолиото на Coca-Cola HBC, дозволена е и употребата на состојки и пијалаци направени во „домашна изработка" т.н. „home made" состојки.

**Задолжителни барања за сите пријави:**

Со испраќањето на пријавата гарантирате дека:

- вие сте креатор на пријавата.
- Дека пријавата не ги повредува интелектуалната сопственост, приватноста или правата на јавна употреба или кое било друго морално или законско право на која било трета страна, вклучувајќи го сегашниот или претходниот работодавач и дека не загрозува ничија личност, име или репутација.
- Дека елементите на пријавата не се претходно користени во кој било друг натпревар.
- Дека пријавата не била никаде претходно објавена во кој било облик и на кој било медиум.
- Дека вашата пријава не е во спротивност на кој било закон или пропис.

- Спонзорот има право да процени дали некоја пријава потенцијало ги повредува правата на која било трета страна и ставот на Спонзорот се смета за конечна одлука.

**Обврски на натпреварувачите:**

1. Сите натпреварувачи се обврзани да се појават во договореното време, а организаторот има обврска да ги извести сите финалисти за учеството во финалето на натпреварот неколку дена пред почетокот на натпреварот.
2. Секој натпреварувач е обврзан самостојно да води сметка за состојките што биле донесени на натпреварот, за тие да бидат во состојбата во која што му се потребни.
3. Организаторот не поднесува никаква одговорност за состојките на натпреварувачите.
4. Секој натпреварувач настапува во сопствена кошула со бела боја. Униформите мора да бидат небрендирани.
5. Секој натпреварувач добива како подарок Schweppes барменска престилка со лого на градите, што претставува задолжителен дел од гардеробата во натпреварувачкиот дел.
6. ***Секој натпреварувач има право да се пријави на овој натпревар само еднаш. Не е дозволено учество на повеќе од еден квалификациски натпревар.***

**Право на учество на натпреварот „Schweppes Mixology Session 2024“**

На наградниот натпревар не можат да учествуваат лица кои се директно вклучени во подготовката и спроведувањето на наградниот натпревар, како и вработени кај организаторот, производителот и техничкиот изведувач. Правно лице не може да биде дел од жирито на наградниот натпревар. Вработените кај организаторот, производителот и техничкиот изведувач во другите републики каде што се одржува наградниот натпревар исто така немаат право да учествуваат на наградниот натпревар.

**Со прифаќање на Правилата за учество давате потврда дека се согласувате со сите горенаведени правила на натпреварот Schweppes Mixology Session 2024.**

**Исклучување на одговорност**

Организаторот, производителот и техничкиот изведувач не преземаат никаква одговорност за:

- Нефункционирањето на веб-страницата, што е последица на дефект на мрежата на договорните партнери или губење на електрична енергија или други технички пречки кои можат привремено да го попречат користењето на интернет услугите;
- Какви било последици што може да ги претрпи жирито како резултат на оценувањето на наградната игра надвор од контрола на Организаторот или неговите производители;
- Неучество на натпреварувачите во ниту еден од трите круга на натпреварот поради нивната неможност да контактираат и да се поврзат на интернет, т.е. веб-страницата Schweppes Mixology Session 2024 https://schweppesmixology.com или неможноста да пристигнат на дестинациите каде што се одржува втор и/или трет круг на натпреварот;
- Каква било форма на потенцијална штета и негативни последици кои произлегуваат од користењето на наградите.

**Можност за промена на Правилата на натпреварот „Schweppes Mixology Session 2024“**

Организаторот го задржува правото да направи одредени промени во Правилата на натпреварот „Schweppes Mixology Session 2024“ од технички, деловни или причини поврзани со јавноста, без притоа да влијае на стекнатите права на натпреварувачите.

Организаторот го задржува правото да воведе дополнителни подароци за време на регистрацијата, квалификацијата и финалниот натпревар, како и да дефинира посебен механизам за победа и наградување со дополнување на овие Правила.

Организаторот ќе ги информира натпреварувачите за можните промени на Натпреварот и причините за тоа, со истакнување на известувањето на веб-страницата https://www.coca-cola.com/rs/sr/brands/schweppes или е-поштата преку која е пратена пријавата.

**Организатор:**

COCA-COLA HELENIC BOTTLING COMPANY - СРБИЈА, ИНДУСТРИЈА НА БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ ДОО БЕЛГРАД (ЗЕМУН)
МБ: 07462905

**Производители и технички изведувачи:**

КОМПАНИЈА WAY TO GO ДОО БЕЛГРАД (ЗЕМУН)
МБ: 20206608

KREATIVA UNLIMITED ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД)
МБ: 20435917